UDC: 343.4:340.13(497.7)
343.4:[348:28

# КРИВИЧНОТО ДЕЛО ПРИСИЛБА – КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО И ШЕРИЈАТСКИОТ ТРЕТМАН

**Доан Сулејманоски**
Докторанд, Универзитет "Кирил и Методиј"-Скопје
Правен факултет "Јустинијан Први"
sulejmanoskidoan@gmail.com

**Апстракт**

Кривичните дела се нераскинлив дел од нашето секојдневние, ефективното справувањето со криминалот денес, претставува еден од главните индикатори кои упатуваат на степенот на развој и успешноста на одредена држава. Различни држави со оглед на тоа на кои видови на правни системи припаѓаат, имаат различна државна реакција.

Предмет на детална елаборација во овој труд ќе биде кривичното дело присилба предвидено во посебниот дел на КЗ на Република Северна Македонија во главата која ги опфаќа кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот во членот 139, кое ќе биде споредено и анализирано со истото кривично дело, но предвидено и регулирано во рамки на шеријатскиот правен систем, како посебен систем застапен во арапските земји т.е земјите со исламско уредување.

Слободата на одлучување и слободата на дејствување се битни слободи утврдени во меѓународни документи и издигнати на уставен ранг во нашата држава. Со оглед на трендот на зголемување на насилното однесување на поединците од голема корист е да се елаборира овој вид на кривично дело преку компарација на третманот на истото дело во шеријатскиот правен систем, систем за кои во нашата држава не постојат бројни анализи и искуства.

**Клучни зборови:** *слободи и права на човекот и граѓанинот, присилба, обележја, услови, кривична санкција, шеријатско право.*

# THE CRIMINAL ACT - COERCION – COMPARATIVE ANALYSIS OF THE MACEDONIAN CRIMINAL LEGISLATION AND THE SHARIA TREATMENT

**Doan Sulejmanovski**
PhD Candidate, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,
Faculty of Law "Iustinianus Primus" – Skopje
sulejmanoskidoan@gmail.com

**Abstract**

The criminal acts are an unbreakable piece of our everyday life, the effective handling of criminal acts today are one of the main indicators to ascertain the degree of development and the success of a country. Depending on the type of the legal systems, different countries have different state reactions.

The subject of detailed elaboration in this paper will be the criminal act of coercion provided in the special part of the Criminal Code of the Republic of North Macedonia in the chapter which encompasses criminal acts against the freedoms and rights of the man and the citizen in article 139, which will be compared and analyzed with the same criminal act, but provided and regulated within the sharia legal system, as a separate system present in the Arabic countries, that is, countries with Islamic rule.

The freedom of decision-making and the freedom of acting are essential freedoms established in international documents and elevated to a constitutional rank in our country. Given the trend of increasing violent behavior of individuals, it is very useful to elaborate this type of crime by comparing the treatment of the same crime in the Sharia legal system, a system which in our country has not been sufficiently analyzed and experienced.

**Keyword:** *freedoms and rights of the man and the citizen, coercion, features, conditions, criminal sanction, sharia law*

## 1. Казнено правниот третман на кривичното дело „Присилба" - чл.139 во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија

Основните права и слободи на човекот и граѓанинот како израз на демократското уредување на државата се уставно-правна категорија регулирана во втората глава од Уставот на Р.С.Македонија[1]. Човековите права и слободи освен што се утврдени во највисокиот правен и конститутивен акт, тие како белег на демократското уредување на државата се издингати на ниво на правно добро и нормирани во казнено-правна смисла на зборот, така што се регулирани во главата XV од Кривичниот законик на државата - предвидени како „Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот". Анализирајќи ја суштината на човековите права и слободи можеме да констатираме дека тие се посебен корпус на одредби кои се донесени со една главна цел – ограничување на државната власт и самоволие, преку точно определување на случаите и

[1] Во Уставот на Република Северна Македонија, главата два е посветена на човековите права и слободи. Оваа глава гласи ОСНОВНИ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ и е поделена на 4 дела.

условите на нивно ограничување од страна на државниот апарат. Човековите права и слободи покрај тоа што се уставна категорија, па дури и заштитени како посебност со КЗ тие се и jus cogens појава во смисла на меѓународно јавно право и предмет на заштита со голем број меѓународни правни инструменти. Казнено правната заштита на човековите права и слободи значи истовремено и нивно признавање и промовирање, но прешерокиот обем на казнено правна репресија всушност значи и упад, одземање или ограничување на човековите права. Ваквиот тип на интервенирање подразбира дека казнено-правната реакција треба да биде внимателно спроведена, нужна и крајна инстанца во случај кога заштитата и превенцијата од нарушување на истите не може да се постигне со други неказнени правни средства.[2]

Инкриминациите на главата XV од КЗ се однесуваат на повредата на личните, политичките и граѓанските слободи и права. Сумативно истакнато, мора да се подвлечи дека ваквата државно-правна реакција и нормирање во склоп на КЗ се должи на духот на правната држава и владеењето на правото прку низа уставни начела, но исто така и преку ратификување на голем број меѓународни документи.[3] Во рамки на оваа глава, покрај другите специфични инкриминации предвидено е и делото „Присилба“ во рамки на членот 139 кој гласи:

1. Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година;
2. Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години;
3. Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години;
4. Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Анализирајќи го овој вид на казнено-правен деликт се утврдува дека, објектот на заштита е правото на слободно одлучување на човекот. Поточно, опфатени се слободата на формирање на волјата и слободата на дејствување.

Всушност кај ова дело, со овие клаузули се гради ширината на правното регулирање и опфат и тоа: слободата на одлучување, донесувањето на одлука и слободата на дејствувањето/остварувањето на одлуката. Така што дејствијата на присилување на жртвата се причината за да има последица -ограничување или пак целосно одземање на слободното одлучување и дејствување. Како облик на присилно влијание врз формирањето на волја и слободното волево постапување,

---

[2] Камбовски Владо, Тупанчески Никола, Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011 година, страна 90.

[3] Повелбата на ООН, Универзалната декларација за правата на човекот од 1948, ЕКЧП од 1950, Меѓународниот пакт за економските, културните и социјалните права, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права и сл.

присилбата претставува нужен претходен стадиум, а со тоа и составен дел на други законски битија како на пример: силувањето, разбојништвото, изнудата и слично, кои се појавуваат како специјални дела во однос на основното дело присилба.[4] Ова дело го врши тој што со сила или сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто. Дејствието на извршување е присилувањето што се состои во наметнување на друг нешто што е спротивно од неговата волја на одлучување или на постапување, па доведува пасивниот субјект да се одлучи за нешто на што не би се одлучил доколку не постоела присилба или пак да изврши, прави или преземе некакво дејство спротивно на неговата претходна одлука или волја за тоа. Не постои ова кривично дело ако жртвата отстапи некој друг да одлучува во нејзино име и за нејзина сметка или пак ако се согласува на она што од неа го бара или ја тера да го стори активниот субјект на делото. Ова дело се состои во одземање или ограничување на слободата на одлучување и слободата на дејствување на одреден начин со сила или закана, така што битно е да се истакне дека силата или заканата се составни елементи на ова кривично дело.

**Силата** е противправно влијание, насочено човеково дејствие, кон слободата на одлучување или дејствување со поставување на пречки при формирањето на волјата и/или при нејзино реализирање. Самиот поим сила, упатува на физичко дејствие што е насочено против очекуваниот отпор од жртвата, така што опфаќа физички отпор кон телото[5], предмети или трети лица. Исто така и дејствувањето врз предметите и силата кон нив – ако тоа произведува непосредно дејство врз жрвтата може да биде релевантна во овој случај. Хипнозата и замајувачките средства се сметаат како сила[6], ако се цели кон тоа некој да се доведе до состојба на несвеснот или неспособност за отпор.

**Заканата** е средство за присилба што се состои во ставање во изглед на некое зло, чиешто остварување стои во власта на сторителот и зависи од тоа дали жртвата ќе реагира според волјата на сторителот. Заканата треба да е сериозна, што по својот карактер и околностите ќе е заплашувачка и подобна и ќе влијае врз создавањето на одредена одлука или пак постапувањето на жртвата. Жртвата треба да биде убедена дека злото може да настапи и да се случи, а делото постои и кога сторителот се заканува со средства кои не се подобни да се нанеси такво

[4] Камбовски Владо, Коментар на Кривичниот законик на Р.Македонија, Скопје, 2015 година, страна 737.

[5] Нешто што жртвата го чувствува како физичко зло: пукање во воздрух, во гумите на возилото за да запре со колата и сл.

[6] Во зависност од степенот на одземањето, односно ограничувањето на слободата на одлучување и дејствување, се разликуваат два вида на сили: vis apsoluta и vis compulsiva. Кај vis apsoluta, примената на хипнотизирачки и замајувачки средства во целост ја отстрануваат слободната волја на човекот, а кај втората категорија исклучиво се користи физичка сила. Во смисла на членот 122 став 18, како сила се смета и примената на хипноза и замајни средства со цел некој да се доведе против своја волја во несвесна состојба или да се онеспособи за отпор.

зло (пр: празен или расипан пиштол). Не е услов сторителот да ја оствари заканата, доволно е да е свесен дека жртвата е заплашена дека може да настане и настапи заканата или евентуалното зло што се закнува. Активниот субјект е лицето кое влијае врз лицето чија слобода на одлучување и дејствување е ограничена или одземена во целост, додека пак пасивниот субјект е лицето што со сила или закана е натерано да постапи спротивно на својата волја, битно е да се истакне дека тука се вбројуваат и лицата кај кои постои волја во природна смисла на зборот дете, душевно болните и др. Сторител на ова дело може да се појави секое лице, а ако сторителот е службено лице во вршење на службата, тоа се зема како квалификаторна околност кај ова дело и е предвидена посебна и построга санкција. Согласно елаборираното евидентно е дека кај овој вид на кривично дело жртвата се присилува на одредено поведение, па може да биде: сторување, пропуштање или несторување (трпење). Битно е да се истакне дека не претставува секогаш присилба изнудувањето на некакво поведение над друг. Постојат и случаи на легална, законски дозволена присилба регулирана со позитивното право на државите, па така кај нас според ЗКП сведокот кој одбива да даде исказ може да биде задржан во затвор до еден месец, може присилно да биде доведен до суд и сл.[7] Прашањето за противправност на присилбата е клучна околност при анализа на ова кривично дело. Особено важно е да се истакне дека, присилбата е противправна и недозволива кога средствата се недопуштени и забранети (силата и заканата) , но исто така и кога целта што треба да се оствари е недопуштена и забранета. Присилбата е противправна и кај допуштената цел, ако средствата кои се користеле за да се дојде до целта се правно недозволени, а исто така јасно е дека исклучена е противправноста кога се допуштени и средството и целта (закана дека ќе се поднесе тужба од страна на доверителот). Ова дело е довршено со преземањето на дејствието на кое е присилен пасивниот субјект.

Делото секогаш е умислено. Во свеста кај сторителот треба да бидат содржани употребата на сила или закана, како и целта што сака сторителот да ја постигне. Битно е при утврдување на вина и квалифицирањето на ваков тип на дело да се внимава дека стекот е исклучен со делата каде законското битие опфаќа присилба (специјалитет), исклучен е и стекот со делото противправно лишување од слобода извршено со примена на сила – каде постои само второто дело.[8] За ова дело предвидени се два квалифицирани облици и тоа во смисла на ставот 2 од чл. 139 од КЗ кога делото е извршено при семејно насилство[9] и

[7] Камбовски Владо, Тупанчески Никола, Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011 година, страна 91.

[8] Камбовски Владо, Коментар на Кривичниот законик на Р.Македонија, Скопје, 2015 година, страна 740.

[9] Под семејно насилство се подазбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите

ставот 3 каде како посебна околност кај сторителот е тој да биде службено лице [10]и делото да го направи во вршење на службата. И како посебна околност, а не помалку битна е тоа дека во врска со постапувањето по овој вид на криминалитет во ставотот 4 јасно и недвосмислено е наведено дека овој тип на кривични дела се расправаат само по приватна тужба.

**2. Казнено правниот третман на кривичното дело присилба во рамки на шеријатскиот правен систем**

Поимот икраб[11] е поим под кој е сведено кривичното дело присилба во рамки на овој правен систем. Дефинирањето на овој поим во овој систем упатува на: Конкретно постапување или дејство на принудувачот со кое кај жртвата се предизвикува страв или манифестира закана со цел да изврши нешто што од неа се бара, така што се губи самостојната волја на лицето (жртвата) кое е натерано да постапи различно од својата волја. Дејствувањето на сторителот врз жртвата може да опфаќа и потенцијална скриена закана манифестирана од негова страна, како на пример да се нареди или заповеда нешто да направи, а ако не направи и се заканува зло т.е сторителот ќе направи нешто за возврат. Овој систем познава два вида на присилба: потполна и непотполна присилба. **Потполна присилба** (ikrah muldzi) каде се заканува одземање на животот, уништување на органи или друга тешка телесна повреда или удар со кој можат да настанат поголеми последици. **Непотполна присилба** (ikrah gajru muldzi) каде се заканува затвор, притворање или пак полесна телесна повреда или удар. Битно е да се истакне

---

или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

10 Како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета: а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организаци; б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, изврцгни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон, в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, г) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон, д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено дице и ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија

11 Суштинското значење на овој арапски збор е: принудување на човекот на нешто што не сака, присилување на нешто што не сака.

дека и кај двата типа на присилба треба да има губење на волјата кај жртвата, но диференцирањето во оваа смисла се појавува во тоа што кај потполната присилба има поголема закана и нема избор. Исто така кај потполната присилба делото се препишува на сторителот доколку се работи за случај каде сторителот ја користи жртвата како средство или начин за постигнување на целта (одземање на живот, оштетување на имот и др). Таму каде што жртвата не може да се искористи како начин или средство за остварување на целта од страна на сторителот, делото се препишува на сторителот, тоа се моментите на зборување и јадење. Затоа што согласно шеријатските прописи никој не може да јаде преку устата на другиот, ниту пак може да зборува со туѓ јазик. Во исламскиот свет со поимот присилба се опреационализира и во моментот на склучување на договор, кај граѓанско-правните односи. Така што тој што е принуден и под присилба купува, продава, изнајмува и слично – предвидено е дека договорот треба да се поништи поради непочитување на условот на важност на договорот, а тоа е слободна волја.

Шеријатскиот третман познава и посебни услови кои се испитуваат при утврдување на присилба и нејзино квалифицирање, па така од особена важност е да се истакнат условите кои треба да бидат исполнети за да постои присилба:

1. **Способност** на оној кој се заканува таа закана да ја реализира и неспособност/неможност на жртвата да се одбрани, па макар и да се впушти во бегство или некаков начин на избегнување.
2. **Страв** – создаден страв кон жртвата дека нешто моментално ќе се реализира, за да се утврди создавањето или постоењето на страв доволно е да се утврди барем јака претпоставка.[12] Доколку има елементи од типот на формулација: „Ако тоа не го сториш, утре ќе ти биде...„ тоа не се смета за создавање на страв. Значи за да постои страв треба да се исполни услов на актуелнот, она што се заканува да се оствари во тој момент.
3. Да постои **закана** за уништување на животот, телото, човечките органи, имотот или таа закана да создава грижи (тага и жалост) за да доведе до губење на слободната волја на личноста. Овој услов упатува дека овие манифестации се најнизок степен на присилба (создавањето на страв, намалување на сигурноста, безбедноста, создавање на немир и грижи) и се разликува од личност до личност кога станува збор за жртвите, па така прекорот и јаката критика кај лицата со поголем углед, вршители на функции и слично, за разлика од другите лица се сметаат за поблаги форми на присилба.
4. **Лицето** кое што е принудено на сторување или на некакво воздржување во смисла на пасивност кон остварување на негово право или да постои присилба за вршење на нешто што е негово право, а тој не го сака или ниту е негово право,а ниту кај жртвата има волја за тоа. На пример: да се присили некој нешто да не продаде или да продаде, да уништи туѓ имот или

[12] Во шеријатскиот систем позната како galebetuz-zann.

пак да се присили на прекршување на исламските одредби или Аллаховите заповеди како на пример: конзумирање на алкохол, свинско месо, блуд и сл.

Овој вид на правен систем познава и неколку видови на присилба на грев. Присилбата на грев е посебен вид на присилба каде што жртвата треба да стори или да не стори нешто што е забрането или наредено со Кур'анот како врховен правен акт[13] во исламската религија и уредување. Тука интересно е да се издвои првиот вид на присилба на грев, каде жртвата се наведува да изговори зборови кои упатуваат на неверство, да изостави намаз[14] и се она што е наредено со Кур'анот. Истакнато е дека награден ќе биде оној што може да го избегне тоа, но жртвата која изговорила нешто такво, а не го мислела, не верувала во тоа е ослободена од одговорност согласно куранските прописи.[15]

Другиот тип на присилба на грев е каде жртвата се принудува на извршување на гревови од типот: конзумирање на алкохол, човечки леш, крв или свинско месо, така што ако тоа се избегне, а настане поголема штета врз други, жртвата ќе биде виновна. Па тука се нијансираат неколку специфики, така што ако присилбата биде непотполна т.е се заканува затвор, притворање, удирање, врзување и слично – тогаш не е дозволено да се први таков грев, всушнот не постои нужда кај непотполната присилба. Ако присилбата е потполна т.е ако се заканува сторителот кон жртвата со убиство, отсекување на дел од телото, тешки удари и телесни повреди со последици, дозволено е да изрши грев што му се налага, дури му е и обврска, во овој случај тоа е подведено под клаузула нужност.

Кај присилбата за наштетување на имот како примарна цел исто така улога има потполната присилба, така што е дозволено уништување на имотот, а штетата ќе ја надокнади вршителот на делото. Исклучок посотои кога присилбата се однесува на наведување на хомосексуализам на жртвата, тука нема оправдување ниту олеснување во случај и жртвата да биде убиена т.е во услови и да постои потполна присилба, затоа што хомосексуализмот како општествено зло е на повисок ранг од блудот/изневерувањето. Исто така и кај убиствата од одмазда се казнува наредбодавачот ако целта е постигната со присилба, а жртвата т.е извршителот на убиството е искористен како средство. Според одредени исламски школи се утврдува дека треба да се казнуваат и сторителот на убиството, кој всушност е жртва во смисла на присилбата т.е нарачателот на убиството.

---

[13] Покрај другите видови на извори на шеријатското право, приматот во рамки на хиерархиската поставеност на изворите кај овој правен систем го има Кур'анот.

[14] Намаз (или салат) – муслиманска молитва која муслиманите ја обавуваат петпати во денот. Намазот е најзначаен вид молитва кај муслиманите пропишан со Кур'анот.

[15] Korkut Besim, Kur'an s prevodom, Medina, 1999 godina, 16:106.

**Заклучни согледувања**

Иако станува збор за два посебни, различни правни системи, од голема научна придобивка е да се изврши компарација преку детална анализа на сличностите и разликите помеѓу претходно елаборираните правни системи, особено тоа е оправдано кога станува збор за во областа на кривичното право. Искуствата прибавени од компарирањето на различни кривични дела, а особено од компарацијата на кривичното дело прислиба кое е обработено како централен предмет на овој труд, имплицира придобивки и во полето на криминалната политика in concreto, имајќи ги во предвид современите предизвици на општествата, глобализацијата, но и справувањето со криминалот.

Примарно кога станува збор за шеријатскиот систем, тоа е правен систем каде основните појдовни точки се засновани на религиското уверување, регулирано првенствено со Кур’анот и Суннетот, каде што овие извори служат за нормирање и определување на религијата и религиските практики, но тие се всушност и позитивното право на државите со исламско уредување. За разлика од таму, кај нас позитивното право е право кое е израз на волјата на мнозинството и е формално пропишано, тоа е јасно одвоено од религиските норми без разлика на религиите кои се практикуваат во нашето поднебје и истото е релативно/променливо. Согласно општите обележја на правните системи истакнати погоре, нормално е да се има поразличен пристап и во однос на регулирањето на казнено-правните деликти кај овие правни системи. Почнувајќи од правната определеност во номотехничка смисла на зборот, на различен начин и стил е определено предметното кривично дело, таму кривичното дело присилба и сите други видови и подвидови и посебни случаеви на присилба се одредени во Кур’анот низ куранските одредби (ајети), но и преку праксата на пророкот Мухаммед а.с, а потоа на подетално толкување се наидува од страна на исламските школи и исламската наука, праксата на судовите, нивното постапување и слично. Делото е цитирано на религиски, свечен, наредбодавачки, но и забранувачки стил, а исто така е предвидена и божја казна, покрај конкретните постапувања како државна реакција од страна на власта во таквите општествени формации. Кај нас ова кривично дело е предвидено во Кривичниот законик како посебно дело во членот 139, а истото може да се сретне како претходна фаза – составно обележје од законските битија кои содржат присилба. Нормирано е на начин што се определени обележјата на делото т.е начинот на кој што може да настане или да се изврши и одредена е казнената санкција (парична казна или затвор до една година). Утврдени се и квалифицираните облици на делото, така што во ставот 2 е предвидено семејното насилство како посебен квалифициран облик со предвидена казна од шест месеци до три години, а во ставот 3 предвидена е казна од шест месеци до пет години, ако вакво дејствиве преземе службено лице во вршење на службата. За разлика од шеријатско-правниот третман, во нашата држава ова дело нема посебни предвидени категории, подвидови и конкретни

ситуации кои се разгледуваат посебно и одвоено, не постојат и не се предвидени два вида на присилба, а исто така нашиот систем не познава присилба кон сторување на некаков грев согласно било какви религиски правила. Освен утврдувањето на сите конституивни обележја на законското битие во Р.Северна Македонија во рамки на членот 139 од КЗ, таму се утврдуваат и посебни услови кои треба да се испитаат, да се докажат и да се постапи согласно шеријатското уредување, со дополнително образложеније кое се диференцира во зависност од исламските школи и нивните особености.

Во време на глобализација, надминување на границите и бариерите помеѓу државните ентитети, мобилноста на луѓето и низа на актуелни општествени случувања кои водат кон мултиетничност, па дури и мултирелигиозност на општествата, битно е да се имаат сознанијата од различниот третман по ова, но и за други кривични дела и правни факти, послужувајќи пред се во науката, но некогаш и во практиката во зависност од формата, начинот и ситуацијата на постапување, елаборирање, дополнително истражување или креирање на нови политики.

**Користена литература**

**Учебници, книги и статии**

1. **Бајалџиев Димитар,** Вовед во правото, Скопје, 2007 година.
2. **Буџакоски Стефан,** Казнено право – општ дел, Охрид, 2014 година.
3. **Камбовски Владо, Тупанчески Никола,** Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011 година.
4. **Камбовски Владо,** Коментар на Кривичниот законик на Р.Македонија, Скопје, 2015 година.
5. **Korkut Besim,** Kur'an s prevodom, Medina, 1999 godina.
6. **Тухмаз Махмуд Абдулхамид,** Ханифиски фикх, Книга 3, Сараево, 2004 година.

**Правни акти (законска регулатива)**

- **Универзална декларација за човекови права,** Генерално Собрание на ООН, 1948 година.
- **Устав на Р.Северна Македонија,** Службен весник на Република Македонија бр.
- 53/1991 година.
- **Кривичен законик**, Службен весник на Република Македонија, број 37/96 и измените.